Co-funded by the European Union

**ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ**

# ЕВРОПСКИ НАГРАДИ ЗА ОДРЖЛИВИ УЧИЛИШТА

(EUROPEAN SUSTAINABLE SCHOOLS AWARDS - ESSA)

**Европските награди за одржливи училишта** се меѓународна проектна иницијатива кофинансирана од програмата **Еразмус+** кој има за цел да промовира ефективна зелена транзиција на училиштата низ Европа преку размена на практики.

Проектот се разви како партнерство помеѓу нашата гимназија ,,Никола Карев'', невладината организација ,,Заедно за успех'' (Together for success) од РС Македонија, ,,Артетека'' (Arteteka) од Ирска и ,,Ироко'' (Iroko) од Шпанија.
Во јануари 2024 година партнерите остварија средба во Даблин и започнаа со заедничката работа на овој проект.

Проектот промовира создавање на наставни програми ориентирани кон иднината кои ги прават учениците вистински агенти на промени (на пр. заштеда на ресурси, намалување на употребата на енергија и отпад, компензација за емисиите на јаглеродниот отпечаток, одлучување за одржливи избори за храна, движење итн.) и ги поддржува планираните пристапи на организациите учеснички во однос на еколошката одржливост.

ESSA (European Sustainable School Awards) се првите училишни награди за одржливост во Европа. Тоа е возбудлива можност за средните и основните училиштата да ги презентираат на европска платформа еколошките практики кои ги спроведуваат и со тоа да го направат нивното училиште еколошки одржливо.

**Дванаесетте училишта** кои ќе ги прикажат најдобрите еколошки одржливи практики **ќе бидат поканети да учествуваат на меѓународниот самит за европски одржливи училишта - ESSA**. Тоа е **еднонеделен настан во Северна Македонија** за славење на локалните иницијативи кои ги решаваат еколошките предизвици.

СУГС Гимназија Никола Карев